Машински факултет
Број 02-1288/5
28.06.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 218 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), како и член 43 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Пречистен текст (Универзитетски гласник број 282/2014), Наставно-научниот совет на Факултетот, на 24-та редовна седница одржана на 28 јуни 2018 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
за констатирање на статус на редовен професор доживотно
и засновање работен однос на неопределено време

1. Проф. д-р Виктор Стојмановски, прв пат избран во наставно-научно звање редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје го задржува звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

2. Со констатирање на статусот од точка 1 на оваа одлука се врши усогласување на статусот редовен професор на именуваниот со одредбите од член 218 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018).

3. Проф. д-р Виктор Стојмановски, звањето редовен професор доживотно го стекнува и заснова работен однос на неопределено време од денот на влегувањето во сила на Законот – 16 мај 2018 година.

Одлуката да се достави до: именуваниот, општа служба, наставно-научен совет и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

27

Машински факултет
Број 02-1374/1
10.07.2018 год.
Скопје

Врз основа на член 218 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018) и член 50 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје - Пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 282/2014), Деканот на Факултетот, донесува

Р Е Ш Е Н И Е
за усогласување на статусот редовен професор со
Законот за високото образование од 2018

Проф. д-р Виктор Стојмановски, прв пат избран во наставно-научно звање редовен професор на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје го задржува звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време од 16 мај 2018 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со одлука на Сенатот на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје од 23 септември 2015 год., донесена на предлог на Наставно-научниот совет на Машинскиот факултет во Скопје, проф. д-р Виктор Стојмановски е прв пат избран во наставно-научно звање редовен професор, согласно одредбите од Законот за високото образование („Службен весник на РМ“ број 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016, 120/2016 и 127/2016).

Со донесување на новиот Закон за високото образование („Службен весник на РМ“ број 82/2018), со одредбите од член 218 се уредува дека редовните професори избрани на единици во состав на универзитет кои до денот на влегувањето во сила на Законот се избрани во тоа звање по прв пат, засноваат работен однос на неопределено време и го задржуваат звањето редовен професор доживотно.

Наставно-научниот совет на Факултетот, во согласност со наведената одредба, со Одлука број 02-1288/5 од 28.06.2018 година, констатираше дека проф. д-р Виктор Стојмановски го задржува звањето редовен професор доживотно и заснова работен однос на неопределено време, за усогласување на неговиот статус на редовен професор со Законот.

Именуваниот звањето редовен професор доживотно го стекнува и заснова работен однос на неопределено време од денот на влегувањето во сила на Законот – 16 мај 2018 година.

Врз основа на наведеното донесов решение како во диспозитивот.

Решението да се достави до: именуваниот, општа служба и архивата на Факултетот.

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Универзитет “Св. Кирил и Методиј” Скопје
Република Македонија
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

207